Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Сл.весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 111/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) и (Сл. Весник на РСМ бр. 89/22 и 171/22, и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.89/22, 171/22), Министерството за транспорт и врски, на ден 04.06.2024 година, донесе

**Одлука за Неспроведување на стратегиска оцена**

**1.** За планскиот документ Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за група на класа на намена Е-инфраструктура Е1.13 - Површински соларни и фотоволтаични електрани градби за производство на електрична енергија со моќност до 10 MW со пристапен пат на к.п.442, к.п.556, к.п.557, к.п.559, к.п.561/2, к.п.563/1, к.п.564/1 КО Мечкуевци и дел од к.п.1470 КО Ранченци Општина Свети Николе, кој се носи согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање, не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животна средина.

**2.** Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Министерство за транспорт и врски, www.mtc.gov.mk

**3.** Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена и формуларите за потребата од спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за група на класа на намена Е-инфраструктура Е1.13 - Површински соларни и фотоволтаични електрани градби за производство на електрична енергија со моќност до 10 MW со пристапен пат на к.п.442, к.п.556, к.п.557, к.п.559, к.п.561/2, к.п.563/1, к.п.564/1 КО Мечкуевци и дел од к.п.1470 КО Ранченци Општина Свети Николе, нема да има негативно влијание врз животната средина од следните причини: Донесувањето на планскиот документ ќе придонесе за: намалување на емисиите во воздух, вклучувајќи намалени емисии на стакленички гасови и придонес кон ублажување на климатските промени, зголемување на енергетската ефикасност во однос на постоечките постројки во секторот енергетика, подобрување на услугите во производство и снабдување со електрична енергија, намалување на зависноста од увоз на струја, отварање на нови работни места, подобрување на бизнис климата, подобрување на квалитетот на живеење и зголемување на животниот стандард на населението. Имплементацијата на планскиот документ со својата намена за користење на обновливи извори на енергија е во насока на реализација на генералните цели на одржливиот развој преку намалување на вкупните емисии во воздух од производство на електрична енергија на конвенционален начин. Со правилно планирање и проектирање и добра анализа на влијанијата, предвидената активност во својата оперативна и функционална фаза нема да претставува значителен товар врз животната средина.

**4.** Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос од втор степен во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр.67-779/6
Датум: 04.06.2024
Место: Скопје

Име и презиме
Заменик Министер
Bekim Rexhepi